Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23, 59/25 и 154/25), член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), а во врска со член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Одлуката за потреба од вработување бр.04-1749/1 од 26.12.2025 година, Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-187/1 од 16.01.2026 година и Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-187/2 од 20.01.2026 година, како и јавниот оглас бр.06/2025 за вработување на неопределено време на 4 (четири) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објавен на ден 30.12.2025 година, во дневните весници „Нова Македонија" и ,,Коха" и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за не вршење избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на неопределено време**

1. **НЕ СЕ ВРШИ избор** на кандидат по јавниот оглас број 06/2025, објавен на ден 30.12.2025 година во дневните весници „Нова Македонија" и ,,Коха" и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за засновање на работен однос на неопределено време во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на работно место Самостоен инженер – Советник за планирање во Одделение за планирање на проекти во Сектор за планирање и реализација на проекти и припрема на зоните (Локација на работно место: Скопје) – Шифра ТИР0405А04001________1 (еден) извршител.

2. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

***Образложение***

Врз основа на Одлуката за потреба од вработување бр.04-1749/1 од 26.12.2025 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 30.12.2025 година во дневните весници „Нова Македонија" и ,,Коха" и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објави јавен оглас број 06/2025 за засновање на работен однос на неопределено време за повеќе работни места, меѓу кои и за работното место Самостоен инженер – Советник за планирање во Одделение за планирање на проекти во Сектор за планирање и реализација на проекти и припрема на зоните (Локација на работно место: Скопје) – Шифра ТИР0405А04001________1 (еден) извршител.

Комисијата ги разгледа доставените пријави за што состави Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-187/1 од 16.01.2026 година во кој беше констатирано дека нема доставено уредна пријава, по што Комисијата состави и Записник за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-187/2 од 20.01.2026 година во кој беше констатирано дека нема доставено уредна пријава.

Врз основа на горенаведеното Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе одлука како во диспозитивот.

Директор
Д- р Гоце Димовски

**Правна поука:** Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена до Управниот Одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони од денот на објавувањето на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Доставено до:
Одделение за управување со човечки ресурси
Одделение за финансиски прашања
Архива

Изработил: Маја Базерковска
Одобрил: Ирена К. Стојанова